**Кошаркарска Федерација
на Северна Македонија
Бр. 02-458/7
Дата 01.08.2025**

## Преоден рок 2025/26 – Сениорски лиги

1. Согласно член 13 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за поднесување на пријавна листа **во сениорските категории со најмалку 8 играчи е најдоцна до 01.09.2025** година;

   Преодниот рок за кошаркари/ки **во сениорските лиги** за натпреварувачката сезона 2025/26, **започнува на 01.08.2025 и завршува 24 часа пред почеток на вториот дел од сезоната во соодветното сениорско натпреварување;**

## Преоден рок 2025/26 – Младински лиги

2. Согласно член 13 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за поднесување на пријавна листа **во младинските категории со најмалку 8 играчи е најдоцна до 20.08.2025 година**;
   Во сите младински генерации дозволено е пријавување на **само една екипа од ист клуб.**

   **Преодниот рок за кошаркари/ки во младинските лиги за натпреварувачката сезона 2025/26 завршува на 01.09.2025 година (со достава на комплетна документација за регистрација на играчи).**

   **Напомена: новите договори на младинските играчи треба да бидат заверени на нотар не подоцна од 01.09.2025 година.**

   Младински играч може да премине од клуб во клуб за време на летен и зимски преоден рок.

**ПРАВО НА ПРЕМИН**

3. Право на премин од клуб во клуб има:
- Играч на кого му истекол договорот;
- Играч кој спогодбено го раскинал договорот со дотогашниот клуб;
- Играч кому со правосилна одлука на надлежен орган на КФСМ му е раскинат договорот со дотогашниот клуб;
- Играч кој не е на списокот на играчи на клубот за наредната сезона (само за младински играчи);
- Играч чиј клуб не се пријавил за натпреварување, се откажал од натпреварување, е исклучен од натпреварување или се откажал од натпреварување од било која причина;
- Играч со договор за тренинг и настап, без обесштетување, освен ако тоа не е регулирано во договорот за тренинг и настап;

**ДОГОВОРИ**

1. Договорите кои се поднесуваат во КФСМ мора да бидат заверени на нотар;

2. Кошаркарите/ките родени **2007 и постари, потпишуваат прв сениорски Договор**;

3. Кошаркарите/ките родени **од 2008 до 2011 потпишуваат Договор за спортско усовршување;**

4. Кошаркарите/ките родени **2012 и помлади, потпишуваат Договор за тренинг и настап**;

5. Кошаркарите/ките родени **2005 и помлади можат да добијат двојна лиценца**, согласно член 35 од Регистрацискиот правилник на КФСМ. Еден клуб може да има во листа **најмногу 4 играчи на двојна лиценца**;

**Сите клубови, мора претходно да ги подмират своите долгувања спрема КФСМ, за да можат да пријават учество на екипа и регистрација на играчи во натпреварувачката сезона 2025/26.**

**ПОЈАСНУВАЊЕ:**

**Барањето за раскин на Договор** се поднесува 24 часа пред завршување на преодниот рок во младинските лиги, односно 31.08.2025 година;
Сите барања понесени после овој рок ќе се разгледуваат за следниот преоден рок на играчи, односно во Јануари 2026 година.

Со секој нов договор мора да се приложи и **потпишана изјава за согласност за користење на лични податоци.**

Со секое барање за сертификат мора да се **приложи и потпишана изјава за согласност за користење на лични податоци.**

**СУПЕР ЛИГА МАЖИ -** најмногу со 16 (шеснаесет) домашни играчи сениори и најмногу 10 странски играчи во текот на сезоната.
Клуб од Супер лига - мажи, на пријавната листа - НАТ образец има право да пријави не повеќе од 4 странски играчи, но во игра во регуларниот дел од првенството (до почетокот на плеј-офот, плеј-аутот и завршницата на Купот на Република С. Македонија) имаат право на терен да играат само 3 странски играчи. Додека во плеј-офот, плеј-аутот и Куп завршницата ограничувањето не важи и дозволен е настап на сите 4 странски играчи.

**ПРВА ЛИГА ЖЕНИ -** најмногу со 16 (шеснаесет) домашни играчи сениори и најмногу 10 странски играчи во текот на сезоната.
Клуб од Прва лига - жени, на пријавната листа - НАТ образец, има право да пријави не повеќе од 3 странски играчи, но во игра во регуларниот дел од првенството (до почетокот на плеј-офот, плеј-аутот и завршницата на Купот на Република С. Македонија) имаат право на терен да играат само 2 странски играчи. Додека во плеј-офот, плеј-аутот и Куп завршницата ограничувањето не важи и дозволен е настап на сите 3 странски играчи.


*St. Debarca 28, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
**КФСМ канцеларија/ KFCM office**

**<u>ПРВА МАКЕДОНСКА ЛИГА МАЖИ</u> -** најмногу со 16 (шеснаесет) домашни играчи сениори и најмногу 10 (десет) странски играчи во текот на целта натпреварувачката сезона,
Клуб од Прва македонска лига мажи има право на пријавување и настап најмногу 1 странски играч во составот на екипата На еден натпревар. Нема ограничување на времето на игра за тој играч во текот на целата натпреварувачка сезона

**<u>ВТОРА ЛИГА ЖЕНИ</u> -** најмногу со 18 (осумнасет) домашни играчи сениори.
Настапот на странски играчи е забранет.

**<u>АМАТЕРСКА ЛИГА МАЖИ</u>,** најмногу со 18 (осумнасет) домашни играчи сениори.
Настапот на странски играчи е забранет.

**Младински лиги мажи/жени – 18 играчи,** определени по возрасна категорија.
Странски младински играч има право на настап, регистриран со одобрение на ФИБА и се води како специјален случај;
Еден младински играч може да биде пријавен во сениорска и најмногу во 2 младински екипи на еден клуб, во соодветни возрасни категории.
Во сениорска екипа неможе да настапува играч помлад од 14 години, сениорка екипа може на листа да има најмногу 4 играчи од 14 до 16 години, и неограничен број играчи од 18 до 20 години.

**Преодниот рок се однесува за:**

Супер лига мажи
Прва лига жени
Прва македонска лига мажи
Втора лига жени
Аматерска лига мажи
М20 младинска лига (мажи) – родени 2006-2007
М18 младинска лига (мажи и жени) - родени 2008-09
М16 младинска лига (мажи и жени) - родени 2010-11
М14 младинска лига (мажи и жени) - родени 2012-13
М12 младинска лига (мажи и жени) - родени 2014 и помлади


*St. Debarca 28, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
**КФСМ канцеларија/ KFCM office**